ЗАПИСНИК ОД СОСТАНОКОТ НА УО НА КОАЛИЦИЈА СЕГА
ОДРЖАН ВО ПРИЛЕП НА 07.03.2009 ГОДИНА

Состанокот на УО на Коалиција СЕГА, се одржа во централната канцеларија на СЕГА, на 07.03.2009 година и на него учествуваа Александар Јовановски, Љупчо Велковски, Кире Андонов, членови на УО како и Зоран Илиески.

Бидејќи Димче Каневче не присуствуваше на состанокот од оправдани причини, состанокот го водеше Зоран Илиески.

За работа беше предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Усвојување на записник од претходниот состанок на УО;
2. Усвојување на Годишната Програма на Коалиција СЕГА за 2009
3. Усвојување на наративниот извештај за работата на Коалиција СЕГА во 2008 година;
4. Усвојување на финансискиот извештај за работата на Коалиција СЕГА во 2008 година;
5. Ревидирање на членство;
6. Разно.

Состанокот започна во 10.30 часот

По однос на **првата точка**, Зоран Илиески го претстави записникот од претходниот состанок на УО кој беше одржан преку е-маил комуникација. Записникот беше едногласно усвоен.

Според **втората точка** од дневниот ред, Зоран Илиески накратко брифираше за изготвената Годишна Програма за работа на Коалиција СЕГА за 2009 година. Беше нагласено дека оваа Програма главно е креирана според Националната Стратегија за Млади на Република Македонија. По претставувањето на Програмата, членовите на УО немаа забелешки И предлогот се стави на гласање. Годишната Програма беше едногласно усвоена.

За **третата** и **четвртата точка** од дневниот ред, Извршниот директор, Зоран Илиески, ги образложи наративниот и финансискиот извештај, а претходно истите беа испратени по електронска пошта до сите членови на УО. Кире Андонов упати забелешка на печатните грешки во наративниот извештај, како и една техничка грешка. Извештаите беа едногласно усвоени со измените во однос на печатните и техничките грешки.

По однос на **петтата точка**, беше проверена состојбата со членство на Коалицијата, како и тоа кој нема подмирено членарина за 2008 година. Исто така беше предложено членките кои сакаат да се приклучат по Ноември во тековната година, да бидат ослободени од членарина во истата. Се донесе заклучок овој предлог да биде претставен на Собранието на СЕГА.

За **шестата точка** немаше дискусии.

Состанокот заврши во 11.00 часот.

**Прилеп**
**07.03.2009 година**

**Записничар**
**Томислав Гајтаноски**